Врз основа на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот на здравствена заштита (Сл.весник на Р.М.бр.88/010) Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје објавува:

# КОНКУРС

## За прием на кандидати за доедукација на здравствени работници-избрани лекари по семејна медицина за 3 и 6 месеци

Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"–Скопје, за 2011 година, ќе врши прием на:

– 25 кандидати за доедукација во центар за Семејна медицина во Скопје

– 25 кандидати за доедукација во центарот на КМЕ во Велес

Да се наведе Центарот во кој ќе се едуцира кандидатот

Услови и критериуми за прием на доедукација

– Завршен медицински факултет

– Положен стручен испит

– Стекната основна лиценца

– Работно искуство во дејноста Општа медицина или работа како избран лекан минимум 14 години (за кандидати за 6 месеци доедукација)

– Положен специјалистички испит по општа медицина (за кандидати за 3 месеци доедукација)

– Предност ќе имаат едукатори во ПЗЗ и доктори во рурални средини

Доедукацијата ќе се обавува според усвоената програма. Еднодневните модули ќе се реализираат за викенди во Центрите за КМЕ во Скопје/Велес а практичниот дел ќе се обавува во болнички оддели во Универзитетските Клиники при Клиничкиот Центар Скопје и утврдените амбуланти.

Рок за пријавување: 14 дена од објавувањето на конкурсот.

Документи за пријавување:

– диплома и уверение со оценки за завршен Медицински факултет (нотаризирани)

– Уверение за положен стручен испит и основна лиценца;

– Уплатница и копија од М1/М2 образец од Здравствена установа во која кандидатот е вработен

– Потврда за работен стаж (од работничка книшка)

– Копија (заверена) од уверение за положен специјалистички испит по општа медицина (за кандидати за 3 месеци доедукација)

– Потврда од лекарот кој ќе го заменува кандидатот додека кандидатот е на доедукација

ВАЖНО: Доедукацијата ќе почне на 1 октомври. Од 01.09 до 07.09 избраните кандидати да уплатат прва рата и да подигнат решение од Деканат. Во тек на септември ќе се формираат групи и ќе се распределат ментори. Потребно е кандидатите да ја организираат својата работа за да можат непречено да ја обавуваат доедукацијата (турнусите и викенд модулите)

Програмата за доедукација може да се најде на www.semejnamedicina.mednet.mk.